Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 479 www.mchamber.mk 28.01.2022




# КОВАЧЕВСКИ - АЗЕСКИ: СЕ ЗАСИЛУВА ДИЈАЛОГОТ МЕЃУ ВЛАДАТА И ДЕЛОВНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ИНТЕРЕС НА ЕКОНОМСКИОТ РАСТ

***СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ЧЕЛО НА ПЛАТФОРМАТА ЗА ЈАВНО-ПРИВАТЕН ДИЈАЛОГ***

# ПОКРОВИТЕЛИ
НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




# СТОПАНСКАТА КОМОРА НА ЧЕЛО НА ПЛАТФОРМАТА ЗА ЈАВНО-ПРИВАТЕН ДИЈАЛОГ

**Платформата е формирана на 9 мај 2018 година во рамките на проектот на УСАИД, во која се вклучени 4 комори за да се зајакне јавно-приватниот дијалог во процесот на подготовка на донесување закони и други прописи поврзани со работењето на бизнисот.**

Харолд Вилсон, британскиот премиер од 70-тите години, ние „комораџиите“ ќе го запаметиме по неговата легендарна изјава во која рекол: „Подобро е Комората да ја имаме како партнер на Владата во концепирањето на законите, отколку како противник во нивната примена“. Но сѐ уште не е роден лидер кој ќе ја каже формулата за тоа, бидејќи јасно е дека тоа танцување меѓу јавниот и приватниот сектор изгледа како еден пар кој повеќе се гази преку чевлите, отколку што танцува. Ако не знаете зашто, тоа е за парите. Прашањето сега е следно: зошто овој принцип не може да функционира како што е запишано. Во светот на ова прашање ќе најдеме илјадници одговори, но ајде ние да ги оставиме компаративните анализи настрана и да видиме како е кај нас.

Штом УСАИД почувствувал потреба во 2018 година да го стави ова прашање на маса и да помогне во неговото надградување, сигурно имало причина за тоа. И морам да признам дека со нивна поддршка тоа на некој начин и заживеа. Се сеќавам дека кога и Унијата на германските комори за индустрија и трговија (ДИХК) пред 20-ина години започна проект за профункционирање на Асоцијацијата на балканските комори (АБЦ), нѐ натера да сфатиме колку сме далеку на толку близок простор. А тоа го направи на наједноставен начин. На една наша средба ни постави две прашања: колку често се состанувавте пред проектот и како дојдовте на состанокот во Сараево. На првото прашање одговорите беа многу малку или никогаш, а на второто дека во Сараево дојдовме преку Виена и Истанбул. Нивното инсистирање на постоењето на АБЦ нѐ принуди на поблиска соработка, која потоа се надгради со проектот на ЦЕФТА и на Коморскиот инвестициски форум. Така и со Платформата во која се вклучени четирите комори (Стопанската комора на Северна Македонија, Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии МАСИТ, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Сојузот на стопански комори на Македонија). Не дека не соработувавме, но Платформата понуди метод на постојана комуникација меѓу коморите, но и на поодговорен однос на Владата, претставена од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и за инвестиции. Средбите се однапред закажани секој месец, последниот петок, методологијата на работа е однапред утврдена, а резултат на сето тоа е завршување на проектот на УСАИД и продолжување со работа на Платформата како постојана институција во интерес на бизнисот.

Секогаш си го поставувам прашањето зошто мора некој однадвор постојано да нѐ организира и да нѐ тера на соработка. Во нашиот случај тоа е многу едноставно бидејќи бизнисот е сечиј интерес. Но и во такви услови постои блокада на сфаќањата дека тоа мора да се негува и да се надградува. Затоа го изразувам своето задоволство што во наредниот период ќе претседаваме со оваа платформа и уверувам дека ќе направиме сѐ тоа да биде на највисоко професионално ниво и во интерес на севкупниот бизнис во нашата држава.

# УО НА КОМОРАТА ДОНЕСЕ ОДЛУКА НА 18 ФЕВРУАРИ НА ДЕНОТ НА 100 ГОДИШНИНАТА ДА ЈА ПОВЛЕЧЕ ИНИЦИЈАТИВАТА ПРЕД УСТАВНИОТ СУД ЗА НЕДЕЛА НЕРАБОТЕН ДЕН ДОКОЛКУ СЕ ЕЛИМИНИРААТ ПРОБЛЕМАТИЧНИТЕ РЕШЕНИЈА ВО ЗАКОНОТ ШТО ГО КОЧАТ РЕДОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА КОМПАНИИТЕ



Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Димитар Ковачевски со економскиот тим на средбата со претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, членовите на Управниот одбор и најистакнатите стопанственици во државата ја истакна важноста од континуираната соработка, партнерски однос со деловната заедница сè со цел постигнување повисоки стапки на економски раст и решавање на предизвиците од енергетската криза и пандемијата кои се одразуваат на финансискиот капацитет на економијата.

Во духот на конструктивната соработка премиерот Ковачевски и претседателот на Стопанската комора Азески се согласија дека на 18 февруари Комората ќе ја повлече иницијативата пред Уставниот суд во врска со законското решение за недела неработен ден и дека во периодот што претстои ќе се најдат сеопфатни решенија за предизвиците околу спроведувањето на законот.

Премиерот Ковачевски на средбата со деловната заедница истакна дека фокусот на економијата е приоритет и се осврна на досегашната соработка и важноста од инклузивниот процес за донесување на антикризните мерки кои дадоа добри резултати, 60.000 работни места се заштитени во државата кои што инаку без тие мерки би биле загубени, исто така и ликвидноста на компаниите беше задржана.



„Целта на денешната посета практично е продолжување на соработката и затоа состанокот веднаш го правиме во првата недела од изгласувањето на новата Влада и сакам да ве уверам дека ваков тип на средби ќе продолжат без разлика дали тие ќе се случуваат тука или ќе се случуваат во кабинетот на Владата, ние остануваме поддржувач како Влада на приватниот сектор, тоа е курс кој го имаше оваа Влада уште од нејзиното формирање", рече премиерот Ковачевски во поздравно обраќање пред компаниите членки на комората.

На состанокот премиерот Ковачевски, заедно со владиниот економски тим, вицепремиерот за економски прашања и координација на економските ресори, Фатмир Битиќи, министрите за финансии Фатмир Бесими, за економија Крешник Бектеши, како и за труд и социјална политика Јована Тренчевска дискутираа со раководството на Стопанската комора на Северна Македонија за реализацијата на Планот за економски раст, кој се однесува на забрзување на домашните јавни и капитални инвестиции како и на странските стратешки инвестиции.

Во таа насока на работната средба беше посочено дека се работи на Законско заокружување за стимулирање различни форми на вложување во енергетиката, како и за мониторирање на процесите на инвестициите и на ефикасноста на реализацијата, а се зборуваше и за потребата од синхронизирање на процесите на дигитализација во владините институции со цел координирање на процесот.

Претставници на деловната заедница ги поздравија заложбите за се поголеми инвестиции во обновливи извори на енергија, унапредување на системот за транспорт на енергијата, инвестициите во инфраструктурата како и важноста од создавање на предвидлив деловен амбиент. Беше укажано дека е потребно законски да се забрза процесот на инвестициските активности пред сè во енергетиката како клучен проблем на компаниите.

Од бизнисот произлегоа и други предлози како на краток, среден и долг рок да се направат одредени чекори и во насока на надминување на проблемот со енергетската криза.



# АЗЕСКИ ВО КОМОРАТА НА СРЕДБА СО ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА РЕПУБЛИКА СРПСКА. ВО „РЕПЛЕК“ ЌЕ РАЗГОВАРА ЗА РАЗВОЈНИТЕ ПЛАНОВИ НА ФАБРИКАТА ЗА ЛЕКОВИ



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, денеска ќе ја прими претседателката на Република Српска, Жељка Цвијановиќ, а на средбата ќе се разговара за продлабочување на економската соработка меѓу Република Српска и Република Северна Македонија, со чија Комора (Стопанска комора на Република Српска) има одлични односи во делот на соработката на бизнис-асоцијациите од поранешна Југославија, каде што членуваат двете Комори, и двете со традиција од еден век постоење.

Како значаен сервис на стопанството, посветени на создавањето поповолен бизнис и на промовирањето економски капацитет и потенцијал за меѓусебна соработка, коморите од Северна Македонија и од Република Српска имаат потенцијал за интензивирање на трговската размена и за заеднички настап и за освојување трети пазари, а можностите се особено значајни во рамките на регионот на Западен Балкан и на улогата на претседателот Азески како копретседател на Коморскиот инвестициски форум за поттикнување на меѓусебната регионална економска активност.

Во соработката со Република Српска особено значаен придонес има компанијата „Пекабеско“ со својата производствена програма, но и другите македонски компании од прехранбениот сектор.

Во структурата на размената на Северна Македонија со Босна и Херцеговина се евидентира



суфицит во размената на македонска страна, кој за седумте месеци од 2021 година, споредено со истиот период во 2020 г., е зголемен за 154,54 %. Босна и Херцеговина е 25. трговски партнер на РС Македонија во периодот јануари – јули 2021 година. На страната на извозот од Северна Македонија доминираат другите заварени цевки, лековите (кои се подготвени во измерени дози или во форми или пакувања за малопродажба), кварцот (освен природниот песок и кварцитот), плоснатоваланите производи од железо или од нелегиран челик (неплатинирани или необложени, необработувани повеќе од топловаланите), колбасите и сличните производи од месо, како и виното од свежо грозје (освен пенливото вино) и ширата со спречена ферментација со додавање алкохол. Од Босна и Херцеговина најмногу се увезуваат млеко и павлака со содржина на масти над 1 до 6 % од маса, месо и други производи од живина (приготвени или конзервирани), дрво од иглолисници (обработено по должината, со дебелина поголема од 6 мм), дампери за употреба надвор од патната мрежа и други електрични спроводници за напон што не надминува 1000 вати.

Во рамките на дневните деловни активности, претседателот Азески ќе ја посети и компанијата „Реплек“, една од нашите домашни компании производители на лекови, во кои дојде до промена на сопственичката структура и на раководството, а целта на посетата се тековната состојба и развојните планови на оваа активна и долгогодишна членка на Комората, сега под водство на извршниот директор Душан Пецовски.

„Реплек“ АД Скопје е веледрогерија за големопродажба на лекови, медицински помагала и на медицинска опрема. По 75 години постење, „Реплек“ АД, со помош на сопствени ресурси и капитал, прерасна во една од поголемите фармацевтски компании во земјата. Денес фабриката е современ, оперативен, високостандардизиран производствен капацитет, кој произведува повеќе од 150 лекови регистрирани во нашата земја и на многубројни странски пазари, во согласност со најстрогите барања за квалитет и за безбедност на лековите. Континуирано применување нови технологии во работењето, изградба на нови капацитети, проширување на палетата на производи, зголемување на бројот на извозните партнери и постигнување поголема економичност е целта кон која постојано се стреми компанијата.

РеплекФарм

# ДЕФИНИРАНИ АКТИВНОСТИТЕ КОИ ЌЕ БИДАТ ВО ФОКУСОТ НА ГРАДЕЖНИОТ СЕКТОР ВО 2022 ГОДИНА



Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите при Стопанската комора на Северна Македонија одржа on-line седница на која го усвои Извештајот за реализираните активности во изминатата година го дефинираше Планот за работа во 2022 година.

Анализата и следењето на деловните тенденции во градежништвото и индустријата на градежни материјали, како и заложбите за ублажување на ефектите од здравствено – економската криза врз градежните компании и понатаму ќе останат приоритетни активности. Акцент ќе биде ставен и на вклучувањето во проектните активности на Стопанската комора посветени на енергетската ефикасност и примената на новите дигитални алатки во градежниот сектор, како и на унапредувањето и развојот на стручното образование и обука во секторот.

Претседателот Андреа Серафимовски, презентирајќи ги реализираните активности во 2021 година, посочи дека пандемиските услови не ја попречија работата на Здружението и тоа активно се залагаше за подобрување на деловниот амбиент во градежната индустрија. Притоа, одржани беа состаноци и работни средби со ресорните министерства за прашања од интерес на градежните компании и со претставници на стручната фела, покренати беа иницијативи до креаторите на политиките во секторот да посветат соодветно внимание на планирањето и реализацијата на инвестициите, да се заложат за донесување на квалитетна регулатива во областа на градењето, како и да водат сметка за домашните градежни капацитети и да ги искористат нивните потенцијали во реализацијата на големите капитални проекти, се со цел побрзо закрепнување и раст на домашната економија за време и по завршување на кризата.

Во рамки на активностите посветени на подобрувањето на состојбите во високоградбата, на работната средба се заклучи, во следниот период да се иницираат и состаноци со градоначалниците на општините во кои изминатите години беа лоцирани определени застои во градењето, а кои се одразија врз работењето на реалниот сектор и на приватните инвеститори.



# ЕУРОНИКЕЛ ИНДУСТРИ ЌЕ КОРИСТИ ОБНОВЛИВА ЕНЕРГИЈА ВО ПРОИЗВОДНИОТ ПРОЦЕС



Еуроникел Индустри инсталира соларна постројка чија енергија ќе се користи во финалните фази од производниот процес. Фотоволтаиците се со капацитет од 153Kw на час во пик и постројката ќе го напојува новоинсталираниот систем за сушење на финалниот производ – фероникел гранули. Постројката веќе е приклучена на внатрешната енергетска мрежа. Користењето обновливи извори на енергија во производниот процес е дел од обемните инвестициски планови и проекти на Еуроникел Индустри чиј крајна цел е унапредување на целокупните работни перформанси, особено во делот на енергетиката и заштита и подобрување на животната средина.

„Соларната постројка е поврзана со системот за сушење на нашиот финален производ – фероникел гранули, што е многу важно за целосната оперативност на компанијата и трансформацијата кон користење обновливи извори на енергија во производниот процес. Придобивките од оваа инвестиција се повеќекратни, добиваме производ претпочитан од нашите клиенти, а сето тоа на енергетски ефикасен начин, со што придонесуваме и кон заштита на животната средина. Ова дополнително ја зголемува компетитивната предност на Еуроникел Индустри во однос на другите производители на фероникел. Поставувањето фотоволтаици е само првиот од повеќе планирани инвестиции во обновливи извори на електрична енергија што, исто така, е дел и од нашата посветеност на заштита и унапредување на животната средина", изјави Герасим Кујунџиев директор на Еуроникел Индустри.

Целокупниот проект за инсталирање на соларната постројка е изработен исклучиво со сопствени ресурси од страна на подружницата на Еуроникел Индустри, Нова Инжинеринг, којашто ги поседува сите лиценци за проектирање и изработка на ваков вид проекти, а во соработка со инженерите и стручните лица од компанијата. Со овој проект, Нова Инженеринг уште еднаш ги демонстрираше своите разновидни компетенции да изработува специјализирани "custom-made" проекти согласно потребите на своите клиенти и тоа од нацрт проект до пуштање во работа.

Еуроникел Индустри е производител на висококвалитетен никел којшто го пласира на европскиот и светскиот пазар во конкуренција со производители од Европа, Америка, Канада, Австралија и други. Притоа компанијата ги имплементира сите најсовремени производни методи и стандарди за заштита на животната средина.

# Компанијата „ALMERO MATTRESS“ од Гостивар добитник на престижна награда од Индустриската комора на Тирана (CCIT)




Вчера во Тирана, Република Албанија, се одржа церемонија организирана од Стопанската и индустриска комора на Тирана (CCIT), каде што беа избрани и промоворани најуспешните компании од регионот.

Фабриката за душеци „Almero Mattress“ од Гостивар се најде меѓу големиот број успешни фирми од регионот и доби престижна награда за најуспешна фирма за производство на најквалитетни и најудобни душеци во регионот на Северна Македонија, Албанија и Косово.

На годишното доделување на наградите се одбележаа 125 години од создавањето на Стопанската и индустриска комора на Тирана (CCIT), со што наградата на „Almero Mattress“ има и јубилејно значење.

Брендот „Almero Mattress“ веќе 30 години одржува препознатлив дизајн и гарантиран квалитет за долготраен и за удобен душек, на кој ќе можете да имате мирен и здрав сон. Компанијата е членка во Стопанската комора на Северна Македонија и носител на сертификатот Excellent-SME MACEDONIA. Сертификатот за деловно работење Excellent-SME MACEDONIA е сертификат што го издава Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со познатата агенција за кредитен рејтинг COFACE, за најуспешните микро, мали и средни компании во Македонија.

Денес, на производствена површина од 10.000 квадратни метри, нуди богата палета на производи – од душеци со жичено јадро со различни карактеристики до душеци изработени од природни материјали без пружини, како и душеци со латекс, кокосови влакна и со влакна од камила, па сè до перници со препознатлив дизајн и со строго зачуван квалитет, кој 30 години е усовршуван за да добиете квалитетен, подолготраен и удобен душек за своето тело секојпат кога одморате.
„Almero Mattress“ е прв и единствен производствен погон во Република Северна Македонија што е специјализиран само за производство на душеци, кревети, наддушеци и на перници. Нуди целосен асортиман на производи за спиење – душеци со различни карактеристики, со или без пружини, душеци од латекс, од природни материјали со кокосови и со камилски влакна итн.



# ОД УНИКАТНА ИДЕЈА ДО ИНОВАТИВЕН СТАРТАП БИЗНИС







**Интервју со м-р Наде Богоевска и Михаела Поповиќ, мотивациони говорници на Програмата за развој на стартап бизниси**

За ентузијазмот и социјално претприемачки дух да се започне поразличен бизнис, разговаравме со м-р Наде Богоевска и Михаела Поповиќ, сопственички на „АвАв Хепи Дог“ кои во 2017 година ја добија наградата „СИА“ за најдобро социјално претпријатие, а веќе во 2019 година стануваат добитнички и на Програмата „Чекор по чекор“ на Шпаркасе банка.

Како млади претприемачи обединети под иста пасија својата уникатна идеја ја преточуваат во стартап бизнис. Наде е магистер по стратегиски комуникациски, и има искуство во маркетинг, а особено има афинитет за односи со јавноста и комуникациски стратегии и социјални медиуми. Таа е типичен млад социјален претприемач, со одлични организациски способности, богата со иновативни идеи за решавање на многу социјални проблеми во заедницата. Уште од најрани години таа е голем љубител на животните и е активист за правата на кучињата.

Михаела пак, е инженер архитект и има големо искуство за користење на рециклирани материјали во модерен дизајн и е голем подржувач на оддржливиот развој. Михаела е полна со љубов кон сите животи, особено кон кучињата и никогаш не пропушта можност да направи нешто добро за нивната благосостојба и да им помогне на бездомните кучиња. Михаела со многу страст и љубов, а пред се поради нејзината уметничка душа и креативност го дизаинираше и го изведе АвАв Хепи Дог паркот користејки контејнери, палети, стари гуми, остатоци од градежни материјали и заедно со Наде и голема група

волонтери го создадоа царството на кучињата во Скопје, водејки максимална сметка за енергетска ефикасност и заштита на животната средина. Преку студиски патувања со самофинансирање Наде и Михаела имат посетено, повеќе шелтери и паркови за кучиња низ Европа, и се стекнаа со меѓународно искуство и добра пракса, која што ја применуваат во Македонија.

**Веќе четири години на пазарот постои Центарот „АвАв Хепи Дог“, што беше инспирација за да се започне ваков уникатен бизнис?**

Почнавме од идејата дека секое куче може да има среќен и долговечен дом. „Кучето е за цел живот“ е мотото по кое се водиме и со коешто почнавме да ја реализираме идејата и да го живееме сонот, да помогнеме за решавање на проблемот со бездомните кучиња. Сакаме да создадеме модел којшто ќе се применува според светски и европски стандарди, со хуман третман, дресура и нега на кучињата коишто би ги згрижиле привремено и би ги подготвиле за вдомување. Идејата се разви многу спонтано, во суштина секој којшто има миленик кај нас го има истиот проблем, многу е тешко да отидеш каде било со куче, да се забавуваш и да се чувствуваш слободен и релаксиран. Во светот е добро познат овој концепт на забавни паркови за кучиња, односно специјални паркови и центри каде може во исто време да се забавуваат и сопствениците и милениците, односно во исто време да има можност за нега на миленикот, храна и сѐ она што е потребно на еден сопственик на куче. Сакавме да создадеме центар во кој секој ќе се чувствува пријатно со својот миленик, ќе се разменуваат искуства, ќе се одржуваат јавни настани со различни содржини, акции за вдомување на напуштени кучиња и ќе се подига свеста и одговорноста кон добра нега на кучињата од страна на сопствениците, но и од останатите граѓани, а особено на децата како идни сопственици на кучиња. Сакавме да создадеме сопствен бизнис со кој во моментов дел од профитот го делиме во помагање на здруженија и ветеринарни трошоци за помагање со проблемот со бездомните кучиња кој го има нашата држава. Преку отварање на овој бизнис успеавме да се доближиме до клиентите кои се сопственици на кучиња и новите потенцијални сопственици на кучиња за да им пренесеме специјализирани начини на чување и третирање на кучиња. Главна цел ни е овој бизнис да стигне до степен на финансирање на свој сопствен приватен стационар кој ќе биде слика и пример за европски стандарди и услови за третирање на секое бездомно куче кое го има оваа држава.

**Кои се најголемите предизвици со кои се соочувате како млади претприемачи?**

Најголемиот предизвик кој не не избегна и нас е патот до легална и правилна документација за започнување на сопствен бизнис (што не е наведен во ниту една државна институција), лутањето во погрешни врати и насоки, недостапноста на надлежните институции и нивните затворени врати е почетната пречка за секој млад претприемач.
Немањето доволно финансии ( или непредвидените трошоци ) е вториот чекор на којшто наидува секој стартап претприемач, потребата од достапност на фондови и финансиски апликации кои се клучни за поддршка на секој млад претприемач. Исто така од клучна помош е менторството односно пронаоѓање на правиот ментор кој ќе верува во вашата идеја ќе ве поддржи подучи и води низ целиот процес на отварање на сопствениот бизнис, како и немањето на доволно организирани хабови и програми каде секој млад претприемач ќе го помине процесот на обука за отварање на стартап бизнис. Дополнително како наш најголем предизвик го сметаме непостоењето на пример за нашиот тип на бизнис и услужна гранка во нашата држава и потребата да се посетат ваков тип на центри надвор од нашата држава, каде ние сами ги финансиравме што сметаме дека е дополнителна пречка, односно немањето на отворени фондови за поддршка во финансирање на стручни обуки во странство за иновативни концепти и идеи за бизнисот.

**Од идеја до функционален бизнис, колку сметате дека младите лица се подготвени да превземат ваков деловен потфат?**

Нашето првично мислење е дека младите можеби се подготвени на ваков деловен потфат, но не се доволно поддржани. Како прв фактор можеби е она што секој млад претприемач треба да го има во себе, а тоа е да верува во својата идеја и реализација на истата. И покрај големиот број на предизвици со кои би се соочиле како што споменавме погоре сметаме дека само оние кои силно веруваат во својата идеја и знаат што сакаат да направат и работат би се нафатиле на ваков деловен потфат и би истаале и во најтешките моменти што ги носи еден стартап бизнис.

**Што би им препорачале на идните претприемачи и учесници на Програмата за развој на стартап бизниси?**

Како прво нешто според кое ние две се водиме до ден денес, е да веруваат во себе, да веруваат во реализација на својата идеа, сметаме дека тоа е клучното и затоа сме стигнати денес каде што се наоѓаме. Предизвиците, препреките и тешкотиите да ги поминуваат со решавање на истите, а не откажување. Се оди до онаа крајна точка се разбираа до каде гледаш дека се си направил, си дал и си вложил се од себе. Најлесно е да се откажеш и не е страшно и да затвориш или да не успееш во намерите и продолжиш понатаму, но многу битно е да знаеш што сакаш да постигнеш и која ти е крајната цел. Дали сакаш да бидеш претприемач, да си ги реализираш своите соништа, амбиции да се носиш со сите ризици и предизвици или да работиш за плата некоја работа. Во суштина е најважно е да се познаваш себе си, својот карактер, упорност, амбициите, навиките и истрајноста.

**Програмата за развој на стартап бизниси започнува на 28 февруари 2022 година, а планирано е да заврши на 10 јуни 2022 година.**

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси

**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Онлајн семинар

09.02.2022

# ПЛАНИРАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ И КРЕИРАЊЕ НА "КЕШ БУЏЕТИ" СО НАПРЕДНИ ЕКСЕЛ АЛАТКИ

Екселот е алатка за планирање и предвидување на идните готовински текови. Со него може да се изготви детален преглед на паричните текови и изготви таканаречен "Кеш Буџет", кој може едноставно да се објасни како документ кој претставува листинг на антиципирани готовински приливи и одливи на компанијата за одреден период. Станува збор за еден од најкомплексните документи со многу меѓусебно поврзани делови и целини.

Изработката и апдејтирањето на кеш буџетот за големите фирми не е алтернатива, туку базична потреба. За разлика од Планскиот Биланс на Успех, Кеш Буџетот опфаќа само актуелни парични текови.

Целта на обуката е да се креира комплетен документ (софтвер) за идните готовински текови и Кеш Буџет, со трите дела (работна платформа, листинг на сите готовински приливи и одливи и калкулација на крајниот кеш баланс и детерминирање на потребата за позајмување на средства- задолжување).

Овој семинар обезбедува рамка за разбирање на процесот на финансиската контрола и буџетирањето, со користење на напредни Ексел алатки – во функција на создавање на информациски систем за финансиско предвидување, планирање и контрола.

Преку овој онлајн семинар ќе дознаете како да го изготвите Кеш Буџетот за детерминирање на планските претпоставки за финансиските планови и како истите да ги разберете на начин кој ќе ви помогне во донесувањето на вистински деловни одлуки.

Предавач: Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство. Во својата долгогодишна универзитетска кариера бил на раководни факултетски и универзитетски позиции како Ректор на Европскиот универзитет – Република Македонија, Проректор на Европскиот универзитет – Република Македонија и Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, декан на Економски факултет при Европскиот универзитет – Република Македонија, визитинг професор на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово, Универзитетот "Свети Апостол Павле" во Охрид и Универзитетот во Валенсија. Покрај универзитетската кариера предава на обуките за брокери и за инвестициски советници организирани од Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

**Сите заинтересирани за учество да се пријават најдоцна 7 февруари 2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3318&lng=1



Онлајн семинар

17.02.2022

# Примена на аналитика за човечки ресурси за нивно подобро менаџирање и остварување на врвни индивидуални и организациски перформанси

Интелектуалниот капитал е највреден ресурс во организациите. Затоа, регрутацијата и селекцијата на најдобрите вработени, мерењето на перформансите на вработените и поставување на таргети за нивно подобрување, промоција на вработените, воспоставување на систем на награди според аналитички модел, предвидување на одлив на кадарот и развој на стратегии за негово задржување се клучни за подобро менаџирање на човечките ресурси, подобрување на нивните перформаси и на перфромансите на организациите. Развојот на технологијата се повеќе ја наметнува потребата за стекнување знаења и вештини за управување со податоци за вработените и креирање на метрики, аналитички модели и интерактивни извештаи во Power BI кои ќе озвоможат извлекување на вредни информации од податоците и носење на одлуки со кои подобро ќе се менаџираат човечките ресурси. За таа цел, примената на аналитиката на човечки ресурси е од круцијално значење во ораганизациите. Во таа насока, Стопанската Комора на Северна Македонија организира онлајн обука на тема: „Примена на аналитика за човечки ресурси за нивно подобро менаџирање и остварување на врвни индивидуални и организациски перформанси " на 17.2.2022 година.

За кого е наменета обуката?

Обуката е наменета за сопственици, менаџери за човечки ресурси, вработени во секторот за човечки ресурси, професионаллци и консултанти за човечки ресурси, но и сите кои сакаат да се стекнат со најбараните вештини на 21-от век во областа на аналитика на човечките ресурси.

Предавач:

Д-р Виолета Цветкоска е вонреден професор на Економскиот факултет – Скопје при УКИМ на дисциплините Основи на бизнис аналитика и Операциони истражувања и сертифициран професионалец за човечки ресурси. Таа е глобален експерт за аналитика и бизнис моделирање и советува менаџери во донесување на подобри одлуки преку трансфмирање на податоците во вредни сознанија.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 15.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3319&lng=1

Онлајн семинар

22.02.2022

# ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ИЗВЕСТУВАЊА ДО ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТРУД КАКО ОБВРСКА НА РАБОТОДАВАЧОТ, АНАЛИЗА НА ОСНОВИТЕ ЗА ВАКВИТЕ ИЗВЕСТУВАЊА И РАКОВОДЕЊЕ ПО КОНТРОЛЕН ЛИСТ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 22 февруари 2022 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема „Задолжителни известувања до инспекторат за труд како обврска на работодавачот, анализа на основите за ваквите известувања и раководење по контролен лист".

Во рамки на обврската на работодавачот за упатување известување до инспекторатот за труд за работа под одредени услови, се вбројуваат токму областите кои ќе бидат предмет на обработка на оваа работилница.

Првично, ќе се анализира работата на празник со определување на нејзиниот поим и последователните обврски на работодавачот.

Потоа, ќе се дискутира за прекувремената работа преку осврт на основите за нејзино воведување и спроведување, како и работата ноќе, преку укажување на задолжителните права на работниците, чија заштита мора да биде од највисок приоритет.

Крајно, ќе се разгледа и работата во недела, при што ќе се разгледаат и актуелните суштински измени во оваа област.

При анализата на овие теми, ќе се потенцира начинот на кој може да се воспостави комуникација со надлежниот инспекторат за труд со цел да се оствари законската обврска за негово известување. Притоа, ќе се посочат релевантните обрасци за известување кои е потребно да се доставаат, како и начинот за нивно потполнување и испраќање, а ќе се прегледа и достапниот контролен лист за усогласеност со обврските по Законот за работни односи.

Предавач: Викторија Спасовска – Симоноска, адвокат, предавач на обуки, семинари и конференции со особен фокус на тематики од облигационото, деловното и трудовото право;

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 18.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3324&lng=1



Онлајн семинар

23.02.2022

# ПЕТ АВЕНИИ ЗА РАСТ ВО 2022 - КАКО ДА СПРЕЧИТЕ ПАД НА РАСТОТ-

Стопанската комора на Северна Македонија, на 23 февруари 2022 година, организира еднодневна „он-лајн" работилница на тема: „ПЕТ АВЕНИИ ЗА РАСТ ВО 2022: КАО ДА СПРЕЧИТЕ ПАД НА РАСТОТ"

Цел на работилницата:

Постојат безброј можности на пазарот за раст и развој на компаниите, во теорија. Сепак, во пракса она што можеме и треба да го направиме е ограничено на неколку алтернативи. Истовремено, иако можностите се навидум неограничени, методите за раст се ограничени.

Кои методи за раст се популарни во 2022? И дали еден или повеќе од тие методи одговара за Вашата компанија?

Тема на оваа работилница се петте можни методи за раст кои се популарни за средни и големи компании во 2022 година. Искуства сублимирани од работа со преку 100 консалтинг клиенти ќе бидат поделени и продискутирани со учесниците во работилницата. Преку практични примери (case studies) методите за раст ќе бидат претставени во контекст на компаниите кои ќе имаат свои претставници за време на работилницата.

Предавач:

Александар В. Рибаќ е претприемач со богато бизнис искуство во земјата и странство. После три компании во регионот, и три во странство, сега работи како консултант на повисокиот менаџмент преку својата компанија во Лондон, додека ја спрема својата нова компанија. Александар ја направи TSM Global Ltd. која беше прогласена за најдобрата компанија за блокчејн маркетинг во светот од страна на GoodFirms.co. TSM Global ltd. им помогна на блокчејн компаниите кои инкасираа $300 милиони во инвестиции а сега вредат 4 милијарди долари. Од време на време Александар работи и како инвеститор и директор во стартап компании или е привремен извршен директор на интернационални дигитални компании. www.aleksandarvribak.com.

**Сите заинтересирани за учество можат да се пријават најдоцна до 18.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3322&lng=1

Онлајн семинар

24.02.2022

# ОПТИМИЗАЦИЈА И УРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО ПО 5С МЕТОДОЛОГИЈАТА

Стопанската комора на Северна Македонија на 24 февруари 2022 година организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: „Оптимизација и уредување на работното место по 5С методологија“.

5С методологијата е една од основните алатки за изградба на KAIZEN филозофијата, како и воспоставување на LEAN системот во производствените и непроизводствените претпријатија.

5С е структуиран пристап за развој на работната дисциплина. Всушност, 5С е јапонска методологија развиена од страна на „Toyota“. Тоа е техника во 5 чекори која служи за промена на свеста на вработените во работното опкружување. Оваа методологија можеби изгледа како една од техниките за чистење, но не е само тоа, заднината е подлабока! 5С помага да се идентификуваат и елиминираат некорисните работи/отпад на работното место. Помага во воспоставување на попродуктивно и поквалитетно работно опкружување. Ја поттикнува компанијата да ги следи објектите/прашањата кои често се занемарени. 5С е алат за оптимизација на работните места.

Суштинската корист која 5С методологијата треба да ја донесе во компанијата е промена на однесувањето или промена на навиките на вработените во целите на оптимизација на работата во работните места, а со самото тоа и оптимизација на работата на компанијата.

Тоа подразбира запознавање со нејзините 5 принципи: Сортирање и класификација (Sort), Функционално распоредување или уредување (Set in Place), Чистење (Shine & Sweep), Стандардизирање (Standardise) и Прием и одржување (Sustain).

Предавач:

- Слободан Аќимовиќ, директор и водечки консултант во компанијата „TQM Konsalting“ од Нови Сад. Петнаесетгодишно искуство на позиции директор во различни области („Mitros Music“ - Белград (увоз, дистрибуција и продажба на музички инструменти и опрема), „ABC Proizvod“ - Ужице (производство на котли за централно греење), „Mobes Quality“ - Нови Сад (консултантска куќа); Lead auditor за ISO 9001, ISO 27001, проект-менаџер по PMI-методологија итн. Како директор на компанијата „TQM Konsalting“ од Нови Сад, од 2010 година раководи со тим на консултанти за имплементација на системи на менаџмент во организации во Србија, Црна Гора и БиХ.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 18.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3323&lng=1



Онлајн семинар

24.02.2022

# ПОДГОТОВКА НА ПОДАТОЦИ, ПРЕДИКТИВНО МОДЕЛИРАЊЕ СО МЕТОДИ ЗА ПОДАТОЧНО РУДАРЕЊЕ И МАШИНСКО УЧЕЊЕ ВО EXCEL I POWER BI ЗА ПОДОБРИ БИЗНИС РЕЗУЛТАТИ

Во оваа дигитална ера, клучната „суровина“ за постигнување на конкурентска предност на компаниите и остварување на подобри резултати од работењето се податоците. Нивниот обем, брзина со која се креираат, извори од кои доаѓаат им задава нов предизвик на компаниите и само ако знаат како да ги подготват податоците за анализа, да ги анализираат, моделираат, визуелизираат тие ќе можат да носат подобри одлуки и да креираат вредност (зголемен профит, удел на пазарот, ефикасност, задоволство на вработени, клиенти, добавувачи, итн.). Предиктивната аналитика дава одговор на прашањето што ќе се случи во идниниот период? и врз основа на добиените сознанија, компаниите ќе може да ги преземат потребните акции за постигнување на клучните индикатори на перформанси. Покрај тоа, методите и алатките на предиктивната аналитика овомошуваат утврдување на тоа што влијае на остварување на успешни резултати. Во таа насока, обуката има за цел да ги воведе слушателите во најсовремените методи на машинското учење, податочното рударење за предвидување на идните резултати и двигалтели на успешни резултати кои ќе се применуваат на низа практични примери.

Обуката е наменета за сопственици, менаџери, професионалци и консултанти за податоци, но и сите кои сакаат да се стекнат со најбараните вештини на 21-от век во областа на предиктивната аналитика.

Предавач:

Д-р Виолета Цветкоска е вонреден професор на Економскиот факултет – Скопје при УКИМ на дисциплините Основи на бизнис аналитика и Операциони истражувања. Таа е глобален експерт за аналитика и бизнис моделирање и советува менаџери во донесување на подобри одлуки преку трансфмирање на податоците во вредни сознанија. Има голема „архива“ на меѓународно искуство и стекнати признанија и награди од водечките меѓународни здруженија во нејзината област. На извонреден начин го пренесува своето знаење за клучните вештини на 21-от век (бизнис интелигенција, бизнис аналитика, наука за податоци, вештачка интелигенција, машинско учење, моделирање) со цел да им помогне на организациите да имаат обучени професионалци за податоци за да можат да ги подобрат своите перформанси и да остварат конкурентска предност.

**Сите заинтересирани за учество можат да се пријават најдоцна до 22.02.2022 година.**

https://www.mchamber.mk/Default.aspx?mId=4&evid=3320&lng=1

## СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100 *години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски“ 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088